Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014 , 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015 и 192/2015) и член 6 и 6-а од Правилникот за критериумите за склучување договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2014, број 48/2015 и број 191/2015), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на 1 декември 2015 година донесе

**Одлука**
**за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2015 година**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2015 година (број 02-117/6 од 5 јануари 2015 година, број 02-4100/8 од 27 февруари 2015 година, број 02-6385/4 од 1 април 2015 година, број 02-11989/1 од 6 јули 2015 година и број 02-15382/6 од 15 септември 2015 година) во членот 1 во табелата се вршат следните измени и дополнувања:

Кај редниот број 15 - „ПЗУ АПТЕКА ВИЗИО-ФАРМ С.КУКУРЕЧАНИ БИТОЛА“ од Битола, во колоната 5, бројот „28.000“ се заменува со „63.000“.

Кај редниот број 147 - „ ПЗУ АПТЕКА ФАРМЕД-М 2 ГОСТИВАР“ од Гостивар, во колоната 5, бројот „291.000 “ се заменува со „342.000“.

Кај редниот број 427 - „ПЗУ АПТЕКА БИОЛЕК-1 СКОПЈЕ“ од Скопје, во колоната 5, бројот „90.000 “ се заменува со „163.000“.

Кај редниот број 477 - „ПЗУ АПТЕКА ЕУРОФАРМ ГРАДСКА“ од Скопје, во колоната 5, бројот „54.000 “ се заменува со „63.000“.

Кај редниот број 501 - „ПЗУ АПТЕКА ЕУРОФАРМ УНИВЕРЗАЛНА“ од Скопје, во колоната 5, бројот „35.000 “ се заменува со „63.000 “.

Кај редниот број 553 - „ПЗУ АПТЕКА ЈОВАНА ФАРМ 2 – с.Петровец“ од Скопје, во колоната 5, бројот „93.000 “ се заменува со „109.000“.

Кај редниот број 691 - „ПЗУ АПТЕКА АВЕНА с.Доброште“ од Тетово, во колоната 5, бројот „41.000 “ се заменува со „63.000“.

По редниот број 773, се додава следната табела:

| Р.бр. | Шифра | Аптека Назив | Подрачна служба | Месечен износ |
|---|---|---|---|---|
| 774 | | ПЗУ АПТЕКА ЛАОР 1 с. Пирок, општина Боговиње | ТЕТОВО | 128.000 |

## Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 декември 2015 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Ангел Митевски**